# Онлајн Безбедност

## Риско ќе ти покаже како да бидеш безбеден




MKSN MKSafeNet

IDEI Institute for Digitalization Economy and Innovation

Република Северна Македонија
Министерство за дигитална трансформација

Co-funded by the European Union

# Добредојде!

Како активност на оваа страна, обој го Риско.
(Доколку не си сигурен за боите, послужи се со корицата и види го Риско)






# Оваа книга припаѓа на...

Пополнете ги полињата за да знаеме кој е официјалниот онлајн херој!

## Лични податоци

Моето име е ______________________

а моето презиме е ______________________

Јас учам во *(училиште и одделение)* ______________________

## Мојата опрема



Моето супермоќно уредче е:

☐ Телефон ☐ Таблет ☐ Лаптоп ☐ Десктоп

## Возрасни на кои им верувам

Секој херој има свој тим. Овие луѓе се твоите супер-помошници во дигиталниот свет.

1. ______________________
2. ______________________
3. ______________________

# Што е лична информација?

ⓘ Ако некој ти бара нешто што не би му кажал на непознат човек на улица, не го кажувај ни на интернет!




## Што спаѓа под лични информации?


Моето име и презиме


Адресата на која живеам


Телефонскиот број


Училиштето и одделението во кои учам


Слика од мене или моето лице


Лозинки и кориснички имиња

*Овие информации се само твои. Можеш да ги споделиш само со родителите и возрасни на кои им веруваш. Никој друг не треба да ги знае.*



# Што е лична информација?

### Задача

Заокружи ги иконите што се строго приватни и не треба да ги споделуваш онлајн.

Омилен спорт
Имиња на членови од семејството
Име и презиме
Датум на раѓање
Локација во живо
Омилено јадење
Омилено животно
Омилена боја
Училиште и одделение

## Обој го Риско

Обој го Риско како примерот од десно. За иконките искористи ја твојата имагинација и направи ги по твој избор.





Дури и ако изгледаат пријателски, ако не ги познаваш во живо, тие се странци.

Онлајн никогаш не знаеш кој е зад екранот!



На интернет може да видиш профили што изгледаат симпатично, смешно или пријателски. Но некои од нив може да се лажни. За твоја безбедност, разговарај само со луѓе што ги познаваш во реалниот живот – роднини, другарчиња и наставници.

## Дали знаеше?

Повеќе од половина од лажните профили користат слики земени од интернет.
Не е важно како изгледа профилот, важно е **ДАЛИ ГО ПОЗНАВАШ ВО ЖИВО.**

## Дали знаеше?

Некои непознати лица ќе пробаат да изгледаат „смешно“ или „пријателски“само за да ти се приближат.
Затоа секогаш прашувај се: **„Го познавам ли ова лице навистина?“**



Онлајн сите се непознати!

## Помогни му на Риско

Проследи го патот низ лавиринтот и НИКОГАШ не минувај преку лошите препреки!
Помогни му на Риско безбедно да стигне до вистинскиот веб-сајт.

Избегнувај ги опасностите ☐ ☐ ☐ Click for free



# Сајбер булинг не е во ред




## Брзи факти

- Сајбер булингот е кога некој намерно се обидува да повреди, исплаши или понижи некого онлајн.

- Може да се случи преку пораки, игри, социјални мрежи, коментари или споделување слики.

- Детето што е жртва на сајбер булинг НИКОГАШ не е виновно за тоа што му се случува.

- Сајбер булингот е сериозен, но можеш да го спречиш ако веднаш побараш помош.

## Правила

- Не одговарај на навредливи пораки, насилниците бараат реакција

- Блокирај го профилот што те вознемирува

- Зачувај доказ, направи screenshot или препрати на родител

- Кажи веднаш на родител, наставник или друга возрасна личност во која веруваш

- Пријави во платформата (Facebook, TikTok, Instagram, YouTube, игра)

- Не се чувствувај сам. Побарај помош, и запомни дека луѓето сакаат да ти помогнат



# Сајбер булинг не е во ред

### Задача

Заокружи го најдобриот одговор за секоја ситуација

**Некој ти испраќа навредлива порака**

а) Му враќам и јас со навреда
б) Игнорирам и го блокирам

**Некој објавува слика на која те задева**

а) Го молам да ја избрише, а потоа известувам возрасен
б) Почнувам и јас да задевавам други
в) Прифаќам и мислам дека тоа е нормално

**Некој ме поканува во група каде се исмеваат со другарче**

а) Влегувам за да видам што се случува
б) Одбивам, и му кажувам на другарчето дека сум со него
в) Споделувам со други за да се смееме

**Некој ми се заканува преку порака**

а) Го бришам разговорот и молчам
б) Блокирам, правам screenshot и кажувам на родител/наставник
в) Пробувам да се одбранам сам/а

## Обој го Риско

Обој го Риско според твојата имагинација.



# Твојата супер лозинка!



Лозинката е твојот таен клуч!

Ако е премногу лесна, секој може да ја погоди. Но, ако е силна, само ти можеш да ја користиш!

### ⊗ Лоша Лозинка

- Твоето име или презиме
- 123456 или 000000
- imeprezime
- password / qwerty
- risko123 (вистинско име + број)

### ✓ Добра Лозинка

- Има големи и мали букви
- Содржи броеви
- Содржи симболи
- Не кажува ништо за тебе лично
- Ја знаеш само ти

### Задача

Креирај ја твојата супер-тајна лозинка!
Пополни ги квадратчињата со свои карактери:

☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐ ☐

### Што ја прави твојата лозинка силна?

Штиклирај ги правилните одговори:

- ☐ Има големи букви
- ☐ Има мали букви
- ☐ Има броеви
- ☐ Има симболи
- ☐ Не ја споделувам со никој